| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| Назив на планскиот документ | Детален урбанистички план за Блок 11- Дебар, Општина Дебар. |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | Друштво за планирање, проектирање и инженеринг ТАЈФА- ПЛАН ДОО Скопје. |
| Орган надлежен за донесување на планскиот документ | Совет на Општина Дебар. |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ | Јане Стојаноски, д.и.а.<br>број на овластување 0.0426 |
| Назив на работното место | Планер. |
| Контакт податоци за лицето | ул. Васил Главинов бр. 3-2/8 - Градски/Ѕид Б-10,<br>Скопје- Центар, Центар.<br>e-mail: tajfa.plan@gmail.com<br>тел: +389 (0) 2/32 11 109 |

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ПШТИНА ДЕБАР - KOMUNA DIBËR
РАДОНАЧАЛНИК - KRYETARI
Бр./Nr. 10-123/1
25.02. 2025 год./viti.
ДЕБАР - DIBËR

<table>
<tr><th colspan="4">Основни податоци за планскиот документ</th></tr>
<tr><td colspan="4">Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба)</td></tr>
<tr><td colspan="4">Врз основа на Програмата за изработка на урбанистички планови и урбанистичка документација на територијата на Општина Дебар за 2024 година бр. 08-270/19 од 28.2.2024 год., изработена е планска програма за изработка на Детален урбанистички план за Блок 11 - Дебар, Општина Дебар и работна верзија на Детален урбанистички план за Бллок 11, Општина Дебар, плански период 2024- 2029, со тех. бр. 003/02/24 од Декември 2024 година.<br>Деталниот урбанистички план е изработен во согласност со Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на РСМ бр. 32/20, 111/23 и 171/24), Законот за урбано зеленило (Службен весник на РМ бр. 11/18 и 42/20) и Правилникот за урбанистичко планирање (Службен весник на РСМ бр. 225/20, 219/21,104/22 и 99/23).<br>Деталниот урбанистички план за Блок 11- Дебар, Општина Дебар, е урбанистички план кој се донесува за плански опфат за кој е донесен Генерален урбанистички план на град Дебар за блоковите 2, 3, 5, 6, 7, 11, 15, 16, 17, 19, 21 и 25 Општина Дебар, донесен со Одлука на Советот на Општина Дебар всо бр. 07-914/12 од 27.12.2011 година.<br>Планската програма треба да овозможи изработка на детален урбанистички план со кој ќе се уреди намената и начинот на користење на земјиштето, условите за градење и идејните проекти на градбите во рамките на дефинираниот проектен опфат.</td></tr>
<tr><td colspan="4">Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот?</td></tr>
<tr><td colspan="4">Да☒<br>Не☐</td></tr>
<tr><td colspan="4">Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување?</td></tr>
<tr><td colspan="4">Просторот во рамките на планскиот опфат е третиран со ГУП на Град Дебар за блоковите 2, 3, 5, 6, 7, 11, 15, 16, 17, 19, 21 и 25 Општина Дебар, донесен со Одлука од Советот на Општина Дебар со бр.07-914/12 од 27.12.2011 година.<br>Просторот во рамките на планскиот опфат досега е третиран со неколку урбанистички плански документации, и тоа:<br>1. Детален урбанистички план за локалитет „Кнауф“ (донесен со одлука на Советот на Општина Дебар бр. 07-989/4 од 19.10.2006 год.);<br>2. Детален урбанистички план за дел од УБ 2 и УБ 11- Дебар (донесен од Одлука на Советот на Општина Дебар бр. 07-98/3 од 25.1.2008 год.);<br>Со донесените урбанистички планови веќе е утврдена урбанистичката концепција за конкретниот простор, при што со изработувањето на деталниот урбанистички план треба истата да се земе предвид и да се усогласи како со важечките планови од повисоко ниво, така и со новонастанатите потреби на корисниците.</td></tr>
<tr><td colspan="4">Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа.</td></tr>
<tr><td colspan="4">ДА- просторно и урбанистичко планирање и користење на земјиштето.</td></tr>
<tr><td colspan="4">Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5)</td></tr>
<tr><td>Да ☒</td><td>Член: 3</td><td>Точка: 13</td><td>Алинеја:</td></tr>
</table>

| Не ☐ | | | |
|---|---|---|---|

| |
|---|
| Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор. |
| На ниво на план не е утврдено дали проектите влегуваат во Прилог I или Прилог II, односно Проекти за кои задолжително се врши оцена на влијанијата врз животната средина или се утврдува потребата од спроведување постапка за оцена на влијанието врз животната средина. |
| Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење. |
| Не. |
| Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе. |
| Изработка на Детален урбанистички план за Блок 11, Општина Дебар со плански период 2024-2029 има за цел поставување на урбанистички концепт за организација на просторот во границите на планскиот опфат, а во исто време претставува континуитет во развојот на просторот, усогласувајќи го планскиот документ со поставките и параметрите дадени со ГУП на Град Дебар и одобрената Планска програма за овој план.<br><br>Задача на планската документација е изработка на ДУП, со која ќе се постигнат следните цели:<br>- Усогласување на деталниот урбанистички план со плановите од повисоко ниво (ГУП на град Дебар);<br>- Усогласување на деталниот урбанистички план со донесена важечка планска и проектна документација која е релевантна за планскиот опфат;<br>- Дефинирање на единици на градежно земјиште за просторна дистрибуција на планираните намени и дефинирање на плански услови за организација, уредување, изградба, развој и користење на земјиштето и градбите застапени со планираните основни намени;<br>- Дефинирање на примарна и секундарна сообраќајна инфраструктура - улична мрежа и пристапи до единиците на градежно земјиште формирани во рамките на планскиот опфат;<br>- Оптимално дефинирање на мрежи и објекти од комуналната инфраструктура;<br><br>За единиците на градежно земјиште формирани во рамките на планскиот опфат да се дефинираат услови за:<br>- заштита и унапредување на животната средина, природното наследство и културното наследство;<br>- заштита и спасување, заштита од пожари, воени разурнувања и природни катастрофи;<br>- движење на лица со посебни потреби;<br>- урбано зеленило и озеленетост;<br>- други услови кои произлегуваат од специфичноста и карактеристиките на просторот на единиците на градежно земјиште.<br><br>Урбанистичкиот план како плански развоен документ треба да го постигне следното: |

| |
|---|
| - Оформување на урбанистичка функционална целина која ќе претставува континуитет во урбанизирањето на просторот;<br>- Усогласување и надоврзување на усвоените плански документи;<br>- Оптимално димензионирање на системите на комуналната инфраструктура;<br>- Услови за хумано живеење и работа на граѓаните;<br>- Обезбедување услови за одржлив развој, рационално уредување и користење на земјиштето како необновлив ресурс и системите на инфраструктурата; и<br>- Услови за зголемување на вредноста на земјиштето и степенот на уреденост на просторот.<br><br>Со постигнување на наведените цели се добива потребна функционално – просторна организација на просторот и соодветен квалитет на живеење и користење на истиот. |
| Предмет на планскиот документ. (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.) |
| Планирање на просторот. |
| Периодот за донесување на планскиот документ. |
| 2024- 2029 година. |
| Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години? |
| Зависи од динамиката и степенот на реализација (5- години). |
| Простор или област опфатени со планскиот документ. (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа) |
| Предметниот плански опфат се наоѓа во рамките на блок 11 на територијата на општината Дебар. Земјиштето е во рамките на градскиот градежен реон, и се наоѓа во непосредна близина на централното градско подрачје, дефиниран со Измена и дополнување на Генерален урбанистички план на град Дебар за блоковите 2, 3, 5, 6, 7, 11, 15, 16, 17, 19, 21, и 25, 2009-2019.<br>Предметниот пласки опфат се наоѓа во КО Дебар 1, КО Дебар 2 и КО Рајчица во Општина Дебар. Површината на планскиот опфат изнесува 18,78ха.<br>Планскиот опфат е дефиниран со следните граници:<br>- југ: ул. „8-ми Септември“;<br>- запад: ул. „8-ми Септември“ и ул. „1-ви Мај“;<br>- североисток: ул. „Живко Богдановски“;<br>- исток: Кременички Дол (гранична линија на КО Дебар и КО Рајчица);<br><br>Предметниот пласки опфат се наоѓа во КО Дебар 1, КО Дебар 2 и КО Рајчица во Општина Дебар. Површината на планскиот опфат изнесува 18,78ха. Површината на планскиот опфат е добиена со одмерување на полигонот формиран со границата на плансиот опфат, додека во нумеричките показатели во ГУП на град Дебар површината на блокот 11 изнесува 18,91ха. |
| Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ. |
| Да ☒<br>Не ☐ |
| Дали е приложена копија од целите? |
| Да ☒<br>Не ☐ |

**Резиме на влијанијата врз животната средина**

(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.)

Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ.

Просторот што го зафаќа планот е на површина од 18,78 ха.

Согласно актуелната важечка регулатива и номенклатурата и групирањето на системот на класи на намени од член 77 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ, бр.225/20), планските одредби за намена на земјиштето и градбите во рамки на планираните единици на градежно земјиште (градежни парцели) ќе ги носат следните ознаки:

А – Домување и престој

А1 – Домување во куќи

А2 – Домување во згради

Г- Рударство, енергетика, индустрија

Г2 - лесна, преработувачка и помалку загадувачка индустрија

В5 - Верски институции

В 5.2 - Џамии

Д – Зеленило, рекреација и меморијални простори

Д2 – Заштитно и сообраќајно зеленило

Д2.1 – Линиско сообраќајно зеленило, разделно зеленило, заштитно сообраќајно зеленило на крстосници и јазли

Е – Инфраструктура

Е1 – Сообраќајни, линиски и други инфраструктури

Е1.1 – Сообраќајни патни инфраструктури: јавни патишта со пратечки градби и инсталации, меѓународни автопати, државни автопати, експресни, регионални и локални (општински) патишта, примарни и секундарни улични мрежи во населени места, со градбите што припаѓаат на патната инфраструктура, јавни паркиралишта, паркинзи, патеки, пристапни улици и интегрирани сообраќајни површини, велосипедски патеки, пешачки простори, улици и патеки и друго.

Е1.8 – Инфраструктури за пренос на електрична енергија: трансформаторски станици.

Наведената класа на намена Г2 – лесна, преработувачка и помалку загадувачка индустрија ќе се дополни со компатибилни класи на намени согласно член 80, член 81, член 82, член 83 и член 84 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ, бр.225/20, 219/21 и 104/22). Мешањето на класата на намена Г2 е со Г3-Индустрија за склопување на финални производи, сервисни услуги и производство на енергија од обновливи извори ,Г4 - Стоваришта, складови и отпади ,Б4 - Деловни и комерцијални дејности во големи канцелариски згради ,Д3 - Спорт и рекреација на зелени површини ,Д1- Парковско и пејзажно зеленило , Е1.8 - Инфраструктури за пренос на електрична енергија: меѓународни високонапонски надземни електрични водови, меѓуградски високо и средненапонски надземни и подземни електрични водови и средно и нисконапонски водови од дистрибутивните мрежи со пратечките

| | |
|---|---|
| далноводски пилони столбови, трансформаторски станици, и помошни инсталации и Е1.13– Површински соларни и фотоволтаични електрани во ГП 11.01.<br>Намената како и примарната улична мрежа од ГУП на град Дебар, се гавни детерминати кои треба да се почитуваат при изработка на предметниот ДУП за Блок 11-Дебар.<br>Основни загадувачи на просторот претставуваат постоењето на моторен сообракај и загадување предизвикано од начинот на загревање на објектите.<br>Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ можат да настанат од несоодветното управување со генерираниот отпад, отпадните води, влијанија врз амбиенталниот воздух.<br>Деталниот урбанистички план потребно е максимално да ги почитува поставките на ГУП на Град Дебар, важечкиот ДУП, како и Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на РСМ бр. 32/20, 111/23), Законот за урбано зеленило (Сл. весник на РМ бр. 11/18), Правилник за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 225/20, 219/21,104/22, 99/23). | |
| Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на вљанијата; | Со реализацијата на планскиот документ ќе се постигне рационално искористување и уредување на просторот. |
| Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето | Не се очекуваат кумулативни влијанија врз животот и здравјето на луѓето.<br><br>Според доставените податоци од АД Водостопанство на РСМ-Скопје со бр. 11-2159/3 од 26.11.2024год на самата граница на планскиот опфат за дадениот ДУП од источната страна на КП бр.823 КО Дебар2, е земјиште под вода – реки кои треба да се заштитат согласно Законот за водите.<br><br>Со планот предвиден е заштитен појас од 50м од отворениот канал. |
| Прекугранична природа на влијанијата; | Нема. |
| Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи); | Мерките за заштита и спасување се остваруваат преку организирање на дејства и постапки од превентивен и оперативен карактер, кои ги подготвува и спроведува Републиката преку органите на државната управа во областа за кои се основани. Во комплексот на мерките од превентивен карактер, предвидени се мерки за заштита и спасување, во согласност со Уредбата за начинот на применување на мерките за заштита и спасување при планирање и уредување на просторот и населбите, во проектите за изградба на објектите, како и учество во техничкиот преглед (Сл. весник на РМ бр. 105/05).<br><br>Законска регулатива која ја уредува областа за заштита |

| | |
|---|---|
| | на животната средина,<br>релевантна за изработка на урбанистичкиот проект е следна:<br>• Закон за животната средина (Сл.Весник на РМ бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08 , 83/09, 48/10,124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18 и Сл.Весник на РСМ бр.89/22);<br>• Закон за квалитетот на амбиентниот воздух (Сл. Весник на РМ бр.67/04, 92/07, 35/10, 47/11,59/12, 163/13, 10/15 и 146/15 и Сл.Весник на РСМ бр.151/21);<br>• Закон за управување со отпадот (Сл. Весник на РСМ бр.216/21);<br>• Закон за заштита од бучава во животната средина (Сл. весник на РМ бр. 79/07, 124/10,47/11, 163/13 и 146/15 и Сл.Весник на РСМ бр.151/20);<br>• Закон за заштита и спасување (Сл. Весник на РМ бр.36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11,41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и Сл.Весник на РСМ бр.215/21);<br>• Закон за водите (Сл. Весник на РМ бр. 87/08, 06/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13,163/13, 180/14, 146/15 и 52/16 и Сл.Весник на РСМ бр.151/21);<br>• Закон за заштита на природата (Сл. Весник на РМ бр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11,148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16 и 113/18 и Сл.Весник на РСМбр.151/21);<br>• Правилник за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.225/20,219/21 и 104/22);<br>• Закон за управување со кризи (Сл.Весник на РМ бр.29/05, 36/11, 41/14, 104/15, 39/16 и 83/18 и Сл.Весник на РСМ бр.215/21).<br><br>Основни загадувачи на воздухот претставуваат моторниот сообраќај и загадувањето предизвикано од начинот на загревање на објектите. Имајќи ја оваа состојба предвид, може да се изврши поделба на три основни групи на загадувања со дадени смерници и мерки за заштита на истите:<br>- Аерозагадување и мерки за заштита;<br>- Загадување на почвата и подземните води и мерки за заштита;<br>- Извори на бучава и мерки за заштита;<br>- Третман на отпад;<br>- Заштита на водите;<br><br>Планскиот документ задолжително треба да се придржува кон:<br>1. Мерките за заштита на животната средина; |

| | |
|---|---|
| | 2. Мерките за заштита и спасување, и тоа:<br>2.1. Мерките за заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи;<br>2.2. Заштита и спасување од урнатини;<br>2.3. Мерки за заштита од техничко технолошки несреќи;<br>2.4. Мерки за радиолошка, хемиска и биолошка заштита;<br>2.5. Мерки за заштита и спасување од поплави;<br>2.6. Мерки за заштита од природни непогоди;<br>2.7. Заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства;<br>2.8. Мерки за заштита од воени разузнавања;<br>2.9. Заштита и спасување од свлекување на земјиштето;<br>2.10. Заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства;<br>2.11. Евакуација;<br>2.12. Згрижување на загрозеното и настраданото население;<br>2.13. Прва медицинска помош;<br>2.14. Заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло;<br>2.15. Заштита и спасување на растенија и производи од растително потекло;<br>2.16. Асанација на теренот;<br>2.17. Мерки за спречување на бариери за лица со инвалидност и друго;<br>3. Мерките за одржлива мобилност и безбедност во сообраќајот;<br>4. Мерките за озеленување на населбите и нивната околина;<br>5. Мерките за заштита на културното наследство; |
| Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната). | Површина на плански опфат е 18,78 ха.<br>Според Пописот од 2021 година, демографски податоци за Општина Дебар се следни: број на жители 15 412, домаќинства 4157 и станови 6130.<br><br>Според демографската анализа на опфатот во рамките на границите на Блок 11 добиени се следните податоци:<br>Од анализата на постојната состојба евидентирани е следното:<br>-број на домаќинства: 73<br>-број на жители: 321 |

<table>
<tr><td></td><td>За планираниот развој добиени се следните податоци:<br>Објекти со намена А1 - домување во станбени куќи се предвидуваат 33 куќи просечно по 1 домаќинства во куќа согласно анализте во документациона основа живеат што значи (33 домаќинства*4,4жители=145 жители во станбени куќи).<br>Вкупно (бруто) развиена површина за намената А2 - домување во станбени згради изнесува 9620 м2.<br>Според горенаведените податоци излегува дека во планскиот опфат се предвидуваат 160 жители во домување во станбени згради изнесува (9620 м=160 жители).<br><br>За А1 - домување во станбени куќи утврдени се 145 жители.<br>За А2 - домување во станбени згради утврдени се 160 жители.<br>Вкупно утврдени жители во Блок 11: 305 жители.<br>Вкупен број на жители во планскиот опфат: усвоено 305 жители.<br>Број на домаќинства во плански опфат: усвоено 70 домаќинства.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се:</td></tr>
<tr><td colspan="2">Позитивно влијание врз социо-економските развој на општината, отварање на нови работни места, зголемување на стапката на економски раст, стимулирање на развојот на останатите дејности, проектирањето, комуналните дејности, градежништвото, трговијата, начинот на живеење и сл., зголемување на приходите на локалната самоуправа, подобрување на комуналната инфраструктура и уреденост на просторот.<br>Од економски аспект, планот предвидува рационално и економично искористување на градежното земјиште и зголемување на изградена површина во предметниот плански опфат. Со тоа се зголемува искористеноста на просторот, се добива поискористена нето густина по жител, повеќе комуналии за општината, се добива рационално користење на земјиштето и максимално вклопување на објектите и инфраструктурата со теренот.<br>Од социјален аспект, со реализацијата на овој план се подигнува квалитетот на просторот, се добива естетско уредување на просторот и се оформува нов и современ урбан пејсажи, уредување на земјиштето и правата за градење. Со тоа се зголемува вредноста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ.<br>Во корелација со стандардите и нормативите за урбанистичко планирање, извршено е обликување на просторот со усогласување на висините на планираните градби и почитување на принципот за хармоничност на уличните силуети, поставување на површините за градба согласно условите и ограничувањата во просторот кои</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| произлегуваат од инфраструктурни зададености и почитнување на заштитни коридори на инфраструктурните водови, антиципирање на кориснички сценарија преку интерполација на јавни површини и простори со зеленило, а се со цел на крај да се испочитува јавниот интерес. | |
| Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:<br>Доколку нема влијание врз животната средина, ранливоста на областа која ќе биде засегната е незабележителна.<br>Анализата на постојната состојба укажува на подрачје кое е изградено со објекти кои се во најголем дел од лесна и помалку загадувачка индустрија, мал дел е неизградено земјиште и на кое делумно е реализиран урбанистички план. Планскиот концепт се развива во насока на овозможување на реални услови за реализација на планираната намена, валоризација на вредноста на градежното земјиште и креирање на квалитетна урбана сердина која ќе одговри на потребите на градот.<br><br>Вредноста: Со реализацијата на овој план се зголемува вредноста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ од економски и социјален аспект.<br>Урбанистичкото планирање функционира за остварување на целите чие остварување се обврска на сите учесници во процесот на изработувањето, донесувањето и спроведувањето на урбанистичките планови и тоа:<br>- Рамномерен просторен развој;<br>- Рационално уредување и користење на просторот;<br>- Создавање и унапредување на условите за хумано живеење и работа на граѓаните;<br>- Надминување на урбаните бариери на лицата со инвалидитет;<br>- Одржлив просторен развој;<br>- Сочувување на квалитетот и унапредување на животната средина и природата;<br>- Справување со климатските промени;<br>- Сочувување и заштита на недвижното културно наследство и<br>- Безбедност од природни и технолошки катастрофи и хаварии.<br>Целите на урбанистичкото планирање се остваруваат со применувањето на начелата на урбанистичкото планирање и уредувањето на просторот во процесот на изработување, донесување и спроведување на урбанистичките планови и тоа:<br>- Интегрален пристап во планирањето;<br>- Грижа и развој на регионалните особености;<br>- Остварување на јавниот интерес и заштита на приватниот интерес;<br>- Јавност во постапката за изработување, донесување и спроведување на плановите;<br>- Инклузивност и партиципативност во постапката за изработување, донесување и спроведување на плановите;<br>- Хоризонтална и вертикална усогласеност и координација во планирањето;<br>- Уважување на научно и стручно утврдените факти и стандарди. | |
| Посебни природни карактеристики или културно наследство | - Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија, на просторот кој е |

| | |
|---|---|
| | предмет на Детален урбанистички план за Блок 11- Дебар, Општина Дебар, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство.<br><br>- Од Министерство за култура- Управа за заштита на културното наследство, добиено е допис со бр. 17-2448/2 од 29.07.2024 година, кои констатираат дека во границите на предметниот опфат се наоѓаат археолошките локалитети:<br>1. "Фабрика за теписи Новост", средновековна црква и некропола, при градежни работи за проширување на веќе непостоечката фабрика за теписи се откриени гробови т.е гробни конструкции – цисти.<br>2. "Сува чешма- Нова Гипсара", средновековна некропола која при градежни работи во 1941 – 1944год. биле откриени гробни конструкции, а и во поново време при изградба на влезот на самата гипсара биле уништени гробови – гробови цисти.<br><br>Преку Мислење со бр. 17-2448/5 од 25.12.2024 година, констатираат дека опфатот е во подрачје на евидентирано кутурно наследство, но според моменталната состојба не може да се препознаат остатоци од било какви културни добра.<br>Во Извештајот од НУ Национален конзерваторски центар- Скопје со бр. 08-345/3 од 26.09.2024 година, е наведено дека при изведба на градежни работи согласно урбанистичката намена, потребно е инвеститорот/изведувачот да обезбеди археолошки надзор од надлежната институција за заштита на културно наследство. Доколку при реализацијата на планот се појави археолошко наоѓалиште, треба да се постапи во согласност со одредбите од член 65 од Законот за заштита на културното наследство (Сл.весник на РМ бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18). |
| Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности | Од предвидените плански содржини не се очекува надминување на стандардите за квалитет на животната средина. |
| Интензивна употреба на земјиштето | Земјиштето на кое ќе се гради претставува градежно земјиште.<br>Со изработката на деталниот урбанистички план треба да се изврши усогласување на планските решенија за овој простор со Генералниот урбанистички план на град |

| | |
|---|---|
| | Дебар, со што ќе се овозможи непречена изградба и уредување на земјиштето во рамките на дефинираниот плански опфат. Преку планските решенија потребно е да се отстранат препознаените недостатоци на важечките плански документи кои ја отежнуваат или спречуваат нивната реализација.<br>Планските решенија треба да го зачуваат и унапредат стандардот на домување и уредување на просторот, како и да го зачуваат карактерот на населбата.<br>Намена на земјиштето и градбите е планска одредба во урбанистички план со која се остваруваат основните цели на урбанистичкото планирање, како што е создавањето и унапредувањето на условите за хумано живеење и работа на граѓаните со меѓусебно усогласена и урамнотежена разместеност на човечките дејности и активности во просторот, како и хармоничен и одржлив развој и заштита на интегралните вредности на просторот. |
| Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признати статус на национални или меѓународни заштитени подрачја. | Нема. |

Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:

Со изработката на деталниот урбанистички план треба да се изврши усогласување на планските решенија за овој простор со Генералниот урбанистички план на град Дебар, со што ќе се овозможи непречена изградба и уредување на земјиштето во рамките на дефинираниот плански опфат. Преку планските решенија потребно е да се отстранат препознаените недостатоци на важечките плански документи кои ја отежнуваат или спречуваат нивната реализација.

Изградбата на нови објекти, сообраќајна инфраструктура како и вкупното просторно уредување на предметниот плански опфат треба да се изведува во согласност со законската регулатива, техничките прописи во областа на градежништвото и урбанизмот како и овие Општи услови за градење, развој и користење на земјиштето заградби.

Истражувајќи ги можните начини за организација и поставување на плански концепт за уредување на просторот во границата на планскиот опфат, применети се неколку принципи:

- Почитување на намената на просторот поставена со ГУП на Град Дебар;
- Имплементација на Планската програма со дефинирање на градежни парцели за организација и изградба на објекти согласно планираната намена;
- Почитување на постојната планска и проектна документација и надоврзување на истата;
- Почитување на постојната изградена инфраструктура и супраструктура;
- Парцелација т.е. оформување на нови градежни парцели;
- Усогласување на планираните градежни парцели со границите на постојните

катастарски парцели согласно ажурираната геодетска подлога;

- Дефинирање на оптимален процент на изграденост и коефициент на искористеност на земјиштето;

- Дефинирање на оптимален капацитет на системите на комуналната инфраструктура и супраструктура.

Со планскиот документ не се предвидува изградба на објекти или други планови за кои е предвидено спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина.

Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):

Планскиот опфат се наоѓа во рамките на дефиниран градежен реон со Генералниот урбанистички план на град Дебар од 2004-2014 година, во рамките на планскиот опфат за Детален урбанистички план за Блок 11, Општина Дебар со плански период 2024-2029, за кој е спроведена стратешка оцена за влијание врз животната средина и за истото е добиено позитивно мислење од Министерството за животна средина и просторно планирање.

Локалитетот се наоѓа во градско подрачје на градот Дебар. Земјиштето е во рамките на градскиот градежен реон Блок 11. Планот предвидува изградба на објекти за домување во куќи- А1, домување во згради- А2, верски институции- В5, лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија- Г2, заштитно и сообраќајно зеленило- Д2, сообраќајни патни инфраструктурни (примарни и секундарни улични мрежи во населени места)- Е1.1, инфраструктури за пренос на електрична енергија (трансформаторски станици), но во нивна близина не се предвидува изградба на објекти кои би имале влијание врз животната средина на планираните објекти во опфатот на планскиот документ.

Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој: (Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови)

Планскиот документ не се однесува од аспект на заштита на животната средина ниту особено на некој нејзин медиум или област. Од аспект на одржливоста донесувањето на планот ќе придонесе до добивање на потребна функционално-просторна организација на просторот и соодветен квалитет на користење на истиот.

Имплементацијата на планската содржина предвидена со планот со контролирани емисии во медиумите од животната средина ќе допринесе за комунално уредување и екипирањето на населените места.

Но, од аспект на животната средина во оперативната фаза може да се генерираат емисии кои може да предизвикаат влијанија врз медиумите од животната средина, односно:

Воздух: зголемена фрекфенција на возила, работни активности на објектите;

Бучава: зголемено ниво на бучава од превозните средства, а исто така и од работните активности кои ќе се изведуваат во други планирани објекти;

Почва: несоодветното управување со емисиите во воздух, отпад и отпадни води

| |
|---|
| генерирани во рамките на планскиот опфат може да го нарушат квалитетот на почвата;<br>Пејсаж: планскиот опфат не располага со карактеристичен природен пејсаж;<br>Транспорт: зголемена фрекфенција на возила;<br>Отпад: генерирање на отпад;<br>Природно наследство: Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија, на просторот кој е предмет на Детален урбанистички план за Блок 11- Дебар, Општина Дебар, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство.<br>Од аспект на одржливост, донесувањето на планот позитивно ќе влијае врз:<br>-Привлекување на нова работна сила и вработување, намалување на сиромаштијата, подобрување на условите за живеење;<br>-Допринос во локалната и национална економија. |
| Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност.<br>(Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали.)<br>Со овој плански документ не се очекуваат забележителни негативни влијанија врз животната средина и здравјето на луѓето. |
| Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина.Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.<br>Планската програма се изработува врз основа на анализата на степенот и начинот на реализација на важечкиот урбанистички план, анализата на потребите на граѓаните што живеат или работат во или во близина на планскиот опфат, како и потребите на правните лица и институции од просторен развој, заклучоци за просторниот развој што произлегува од планови од повисоко ниво и од стратегии за развој што се донесени на повисоко и на локално ниво.<br>Како релевантни плански документи за подрачјето на планскиот опфат може да се набројат:<br>- "ГУП на Град Дебар", донесен со Одлука од Советот на Општина Дебар со бр.07-27/4 од 18.2.2005 година;<br>- "Измена и дополнување на ГУП на Дебар за блоковите 2, 3, 5, 6, 7, 11, 15, 16, 17, 19, 21 и 25 плански период 2008- 2018, Општина Дебар", донесен со Одлука на Советот на Општина Дебар бр. 07-914/12 од 27.12.2011 година;<br>- Детален урбанистички план за локалитет „Кнауф“ (донесен со одлука на Советот на Општина Дебар бр. 07-989/4 од 19.10.2006 год.);<br>- Детален урбанистички план за дел од УБ 2 и УБ 11- Дебар (донесен од Одлука на Советот на Општина Дебар бр. 07-98/3 од 25.1.2008 год.);<br><br>За влијанието врз животната средина на планскиот документ на "Измена и дополнување на ГУП на Град Дебар за блоковите: 2, 3, 5, 6, 7, 11, 15, 16, 17, 19, 21 и 25, за плански период 2008- 2018, Општина Дебар" е изработен Извештај за стратегиска оцена на животната средина, за која е добиено позитивно мислење од Министерство за животна средина и просторно планирање со бр. 08-3819/4 од 24.09.2010 година |

| |
|---|
| (наш бр. 03-61/15 од 29.09.2010 година);<br>Во опфатот на планскиот документ "Детален урбанистички план за Блок 11- Дебар, Општина Дебар", не се предвидува тешка загадувачка индустриска зона која значително би ја загадувала животната средина.<br>Целите на сите наведени плански документи се усогласени со целите и содржините на планот и нема разлика во клучните одлуки. |
| Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.<br>Потенцијалните влијаниа од предметниот опфат би биле предмет на разгледување во Елаборатот за заштита на животната средина.<br>За влијанието врз животната средина на планскиот документ на "Измена и дополнување на ГУП на Град Дебар за блоковите: 2, 3, 5, 6, 7, 11, 15, 16, 17, 19, 21 и 25, за плански период 2008- 2018, Општина Дебар" врз основа на кој се изработува и "Деталниот урбанистички план за Блок 11- Дебар, Општина Дебар", е изработен Извештај за стратегиска оцена на животната средина, за која е добиено позитивно мислење од Министерство за животна средина и просторно планирање со бр. 08-3819/4 од 24.09.2010 година (наш бр. 03-61/15 од 29.09.2010 година). Во даденото мислење, Министерството смета дека е постигната општата цел на Извештајот за стратегиска оцена на животната средина, односно дека е направена целосна анализа на потенцијални влијанија од донесувањето и имплементацијата на Генералниот урбанистички план кој е предмет на стратегиска оцена, а воедно се утврдени и мерките за заштита, намалување и неутрализација на негативните влијанија и план за мониторинг на животната средина. |
| Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изграба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).<br>Клучната одлука во овој плански документ во подоцнешната фаза не предвидува изградба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина. |

| | |
|---|---|
| ИЗЈАВА | Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни. |
| Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот | Градоначалник на Општина Дебар<br>Hekuran Duka |
| Датум 25.02.2025 година<br>Место Дебар | М.П. |